Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
С. Македонија

Воронешки државен универзитет
Русија

Университет имени Гоце Делчева,
г. Штип, С. Македония

Воронежский государственный университет
Россия

Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Voronezh State University
Russia

Петта меѓународна научна конференција

Пятая международная научная конференция

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 / 8-9 октября 2020 / 8-9 October 2020

Штип Штип Stip

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
С. Македонија
Университет имени Гоце Делчева, г. Штип,
С. Македония
Goce Delcev University in Stip,
N. Macedonia

Воронешки државен универзитет
Русија
Воронежский государственный университет
Россия
Voronezh State University
Russia

Петта меѓународна научна конференција

Пятая международная научная конференция

Fifth International Scientific Conference

# ФИЛКО
# FILKO

ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

ФИЛОЛОГИЯ, КУЛЬТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ

PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## СБОРНИК СТАТЕЙ
## CONFERENCE PROCEEDINGS

8-9 октомври 2020 | 8-9 октября 2020 | 8-9 October 2020
Штип Штип Stip

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# СБОРНИК СТАТЕЙ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

## ФИЛКО
## FILKO

**Јазично уредување**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонски јазик)
Марјана Розенфелд (руски јазик)
Биљана Иванова (англиски јазик)
Снежана Кирова (англиски јазик)
Татјана Уланска (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров

**Адреса на организацискиот комитет:**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Филолошки факултет**
ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македонија

**Воронешки државен универзитет**
**Филолошки факултет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Русија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.7(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција филологија, култура и образование (5 ; 2020 ; Штип)
Зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција ФИЛКО филологија, култура и образование, 8-9 октомври 2020, Штип = Сборник статей / Пятая международная научная конференция ФИЛКО филология, культура и образование, 8-9 октября 2020, Штип = Conference proceedings / Fifth International scientific conference FILKO philology, culture and education, 8-9 October 2020, Stip. - Штип : Универзитет “Гоце Делчев”, 2021. - 465 стр. ; 21 см

Трудови на мак., рус. и англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-787-2

1. Напор. ств. насл.
а) Културологија -- Собири

COBISS.MK-ID 52932613

**ОРГАНИЗАЦИСКИ КОМИТЕТ**
Драгана Кузмановска, Филолошки факултет при УГД
Жана Грачева, Филолошки факултет при ВГУ
Весна Коцева, Филолошки факултет при УГД
Татјана А. Тернова, Филолошки факултет при ВГУ
Виолета Димова, Филолошки факултет при УГД
Генадиј Ф. Ковальов, Филолошки факултет при ВГУ
Костадин Голаков, Филолошки факултет при УГД
Лариса В. Рибачева, Филолошки факултет при ВГУ

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ КОМИТЕТ**
Виолета Димова (Македонија)
Даниела Коцева (Македонија)
Драгана Кузмановска (Македонија)
Ева Ѓорѓиевска (Македонија)
Марија Кусевска (Македонија)
Силвана Симоска (Македонија)
Татјана Стојановска Иванова (Македонија)
Лариса В. Рибачева (Русија)
Софија Алемпиевиќ (Русија)
Татјана А. Тернова (Русија)
Татјана Атанасоска (Австрија)
Олег Н. Фенчук (Белорусија)
Јулиа Дончева (Бугарија)
Биљана Мариќ (Босна и Херцеговина)
Душко Певуља (Босна и Херцеговина)
Волф Ошлис (Германија)
Волфганг Моч (Германија)
Габриела Б. Клајн (Италија)
Михал Ванке (Полска)
Мајкл Рокланд (САД)
Даниела Костадиновиќ (Србија)
Селена Станковиќ (Србија)
Тамара Валчиќ-Булиќ (Србија)
Ахмед Ѓуншен (Турција)
Неџати Демир (Турција)
Шерифе Сехер Ерол Чал›шкан (Турција)
Карин Руке-Брутен (Франција)
Танван Тонтат (Франција)
Марија Рејес Ферер (Шпанија)
**Технички секретар**
Наташа Сарафова
Јована Караникиќ-Јосимовска
Ирина Аржанова
Главен и одговорен уредник
Драгана Кузмановска

**РЕДАКЦИОННЫЙ СОВЕТ**
Драгана Кузмановска, Филологический факультет при УГД
Жанна Грачева, Филологический факультет при ВГУ
Весна Коцева, Филологический факультет при УГД
Татьяна А. Тернова, Филологический факультет при ВГУ
Виолета Димова, Филологический факультет при УГД
Геннадий Ф. Ковалев, Филологический факультет при ВГУ
Костадин Голаков, Филологический факультет при УГД
Лариса В. Рыбачева, Филологический факультет при ВГУ

**МЕЖДУНАРОДНАЯ РЕДАКЦИОННАЯ КОЛЛЕГИЯ**
Виолета Димова (Македония)
Даниела Коцева (Македония)
Драгана Кузмановска (Македония)
Ева Гёргиевска (Македония)
Мария Кусевска (Македония)
Силвана Симоска (Македония)
Татьяна Стояновска-Иванова (Македония)
Лариса В. Рыбачева (Россия)
Софья Алемпиевич (Россия)
Татьяна А. Тернова (Россия)
Татяна Атанасоска (Австрия)
Олег Н. Фенчук (Беларусь)
Юлиа Дончева (Болгария)
Биляна Марич (Босния и Херцеговина)
Душко Певуля (Босния и Херцеговина)
Вольф Ошлис (Германия)
Волфганг Моч (Германия)
Мария Рейес Феррер (Испания)
Габриелла Б. Клейн (Италия)
Ева Бартос (Польша)
Михал Ванке (Польша)
Майкл Рокланд (США)
Даниела Костадинович (Сербия)
Селена Станкович (Сербия)
Тамара Валчич-Булич (Сербия)
Ахмед Гюншен (Турция)
Неджати Демир (Турция)
Шерифе Сехер Эрол Чал›шкан (Турция)
Карин Рукэ-Брутэн (Франция)
Танван Тонтат (Франция)
**Ученый секретарь**
Наташа Сарафова
Йована Караникич-Йосимовска
Ирина Аржанова

**Главный редактор**
Драгана Кузмановска

**Языковая редакция**
Даница Атанасовска-Гаврилова (македонский язык)
Марьяна Розенфельд (русский язык)
Бильяна Иванова (английский язык)
Снежана Кирова (английский язык)
Татьяна Уланска (английский язык)

**Техническое редактирование**
Костадин Голаков
Наташа Сарафова
Ирина Аржанова
Кире Зафиров

**Адрес организационного комитета**
**Университет им. Гоце Делчева – Штип**
**Филологический факультет**
ул. „Крсте Мисирков“ д. 10-А
Пош. фах 201, Штип - 2000, Р. Македония

**Воронежский государственный университет**
**Филологический факультет**
г. Воронеж, пл. Ленина, 10, корпус 2, к. 34, Россия
**Э-почта:** filko.conference@gmail.com
**Веб-сайт:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

**EDITORIAL STAFF**

Dragana Kuzmanovska, Faculty of Philology, UGD
Zhana Gracheva, Faculty of Philology, VGU
Svetlana Jakimovska, Faculty of Philology, UGD
Tatyana A. Ternova, Faculty of Philology,VGU
Violeta Dimova, Faculty of Philology, UGD
Genadiy F. Kovalyov, Faculty of Philology, VGU
Kostadin Golakov, Faculty of Philology, UGD
Larisa V. Rybatcheva, Faculty of Philology, VGU

**INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD**

Daniela Koceva (Macedonia)
Dragana Kuzmanovska (Macedonia)
Eva Gjorgjievska (Macedonia)
Marija Kusevska (Macedonia)
Silvana Simoska (Macedonia)
Tatjana Stojanovska-Ivanova (Macedonia)
Violeta Dimova (Macedonia)
Larisa V. Rybatcheva (Russia)
Sofya Alempijevic (Russia)
Tatyana A. Ternova (Russia)
Tatjana Atanasoska (Austria)
Oleg N. Fenchuk (Belarus)
Yulia Doncheva (Bulgaria)
Biljana Maric (Bosnia and Herzegovina)
Dushko Pevulja (Bosnia and Herzegovina)
Wolf Ochlies (Germany)
Wolfgang Motch (Germany)
Gabriella B. Klein (Italy)
Ewa Bartos (Poland)
Michal Wanke (Poland)
Danijela Kostadinovic (Serbia)
Selena Stankovic (Serbia)
Tamara Valchic-Bulic (Serbia)
Maria Reyes Ferrer (Spain)
Ahmed Gunshen (Turkey)
Necati Demir (Turkey)
Şerife Seher Erol Çalişkan
Karine Rouquet-Brutin (France)
That Thanh-Vân Ton (France)
Michael Rockland (USA)

**Conference secretary**

Natasha Sarafova
Jovana Karanikic-Josimovska
Irina Arzhanova

**Editor in Chief**

Dragana Kuzmanovska

**Language editor**
Danica Atanasovska-Gavrilova (Macedonian)
Maryana Rozenfeld (Russian)
Biljana Ivanova (English)
Snezana Kirova (English)
Tatjana Ulanska (English)
**Technical editing**
Kostadin Golakov
Natasha Sarafova
Irina Arzhanova
Kire Zafirov

**Address of the Organizational Committee**
**Goce Delcev University - Stip**
**Faulty of Philology**
Krste Misirkov St. 10-A
PO Box 201, Stip - 2000, Republic of Macedonia

**Voronezh State Universiy**
**Faculty of Philology**
10 pl. Lenina, Voronezh, 394006, Russia
**E-mail:** filko.conference@gmail.com
**Web-site:** http://js.ugd.edu.mk./index.php/fe

## СОДРЖИНА / СОДЕРЖАНИЕ / CONTENT

1. **Suzana R. Bunčić** - ANDRIĆ'S EARLY STORIES WITH ELEMENTS OF ALLEGORY AND SATIRE ....13
2. **Катерина Видова** - ГЛАГОЛСКИОТ ПРИЛОГ ВО УЛОГА НА ПРИЛОШКА ОПРЕДЕЛБА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И НЕГОВИТЕ АНГЛИСКИ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ....19
3. **Ана Витанова - Рингачева** - СОБИРАЧИТЕ НА МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ОД ЦЕПЕНКОВ ДО ДЕНЕС (НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА МАРКО ЦЕПЕНКОВ) ....27
4. **Бранка Гривчевска** - МОДУЛАЦИЈАТА КАКО ПРЕВЕДУВАЧКА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА РОМАНОТ „ПАЛОМАР" ОД ИТАЛО КАЛВИНО ....33
5. **Сашка Грујовска-Миланова** - ИНТЕГРАЦИЈА НА ГЕРМАНИЗМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ....43
6. **Јованка Денкова** - СОЦИЈАЛНИТЕ РАСКАЗИ НА АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ И БОРИС БОЈАЏИСКИ ....49
7. **Марија Ѓорѓиева Димова** - ИНТЕРДИСКУРЗИВНИТЕ ДИЈАЛОЗИ НА ЛИРИКАТА....57
8. **Ивана Ѓоргиева, Александар Нацов** - ГАСТРОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА....69
9. **Биљана Иванова, Драгана Кузмановска, Снежана Кирова** ПРЕДНОСТИ ПРИ УЗУЧУВАЊЕТО НА СТРАНСКИ ЈАЗИК ОД НАЈМАЛА ВОЗРАСТ ....75
10. **Билјана Ивановска, Марија Кусевска, Цвета Мартиновска Банде** ЈАЗИЧЕН КОРПУС НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗУЧУВАЧИ ПО АНГЛИСКИ И ГЕРМАНСКИ КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ....79
11. **Лела Ивановска** - КРЕАТИВНОСТА ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ....87
12. **Natka Jankova Alagjozovska** - INTERCULTURAL COMMUNICATION CONGITION OF ENGLISH LANGUAGE TEACHERS IN OUR COUNTRY AND ABROAD ....95
13. **Сашка Јовановска** - УСВОЈУВАЊЕ ВТОР ЈАЗИК- ПЕДАГОШКА ГРАМАТИКА ....105
14. **Луси Караниколова-Чочоровска** - „ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЛИТЕРАТУРИ" (ПРЕГЛЕД) ....113
15. **Карначук Ирина Юрьевна** - ПОРЯДОК СЛОВ И ИНВЕРСИЯ КАК СПОСОБЫ ВЫРАЖЕНИЯ ЭКСПРЕССИВНОСТИ ....119
16. **Милена Касапоска-Чадловска -** ГРАМАТИКАТА ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ....123
17. **Лидија Ковачева -** ДЕМОНОЛОШКИТЕ ПРЕТСТАВИ КАЈ АСИРЦИТЕ И БАБИЛОНЦИТЕ ....133
18. **Славчо Ковилоски -** ПРОТОТИПИ НА ЖЕНСКИ ЛИКОВИ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ И ФОЛКЛОРОТ ОД XIX ВЕК ....141
19. **Весна Кожинкова -** РЕФЕРЕНЦИЈАЛНОСТА ВО РОМАНОТ „МЕМОАРИТЕ НА АЛБЕРТ АЈНШТАН" ОД КИРЕ ИЛИЕВСКИ....149

20. **Кристина Костова, Марија Крстева, Наталија Попзариева, Крсте Илиев, Драган Донев -** ДРАМАТА ВО СРЕДЕН ВЕК КАКО ОСНОВА ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО АНГЛИЈА ....155
21. **Мирјана Коцалева, Александра Стојанова, Билјана Златановска, Наташа Стојковиќ -** ПРИМЕНА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ НА УЧЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ПРЕДМЕТИ ....163
22. **Весна Коцева -** ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОМУНИКАТИВНИОТ ПРИСТАП ....169
23. **Весна Коцева, Марија Тодорова -** ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ПРИРОДНИОТ ПРИСТАП НА КРЕШЕН И ТЕРЕЛ ....177
24. **Даниела Коцева, Шукрије Барути, Снежана Мирасчиева -** ЈАЗИКОТ И ГОВОРОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНА И ИНДИВИДУАЛНА АДАПТАЦИЈА ....183
25. **Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева -** РЕФЛЕКСИЈАТА НА ОДДЕЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СОДРЖИНИ И ПОЈАВАТА НА НАСИЛСТВО КАЈ ДЕЦАТА ....191
26. **Драгана Кузмановска, Лидија Ристова, Биљана Иванова** МОЌТА НА ФРАЗЕОЛОГИЗМИТЕ ВО СВЕТОТ НА РЕКЛАМИТЕ ....199
27. **Marija Kusevska -** WHERE DIRECTNESS AND INDIRECTNESS RESIDE ....207
28. **Лидия Лумпова -** СООТНОШЕНИЕ ГОЛОСА АВТОРА И ГОЛОСОВ ГЕРОЕВ В ХУДОЖЕСТВЕННЫХ СИСТЕМАХ ТОЛСТОГО И ДОСТОЕВСКОГО (НА МАТЕРИАЛЕ РОМАНА -ЭПОПЕИ Л.Н. ТОЛСТОГО «ВОЙНА И МИР», РОМАНОВ Ф.М. ДОСТОЕВСКОГО «ПРЕСТУПЛЕНИЕ И НАКАЗАНИЕ», «ИДИОТ», «БРАТЬЯ КАРАМАЗОВЫ») ....215
29. **Ранко Младеноски -** ХИПОТЕКСТОТ ВО ПОЕЗИЈАТА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ....223
30. **К.А. Нагина -** ТВОРЧЕСТВО Л.Н. ТОЛСТОГО В ПРОСТРАНСТВЕ СОВРЕМЕННОГО ФИЛОЛОГИЧЕСКОГО ОБРАЗОВАНИЯ ....233
31. **Георгий Недюрмагомедов** - ФОРМИРОВАНИЕ МЕТАПРЕДМЕТНЫХ УМЕНИЙ УЧАЩИХСЯ ОСНОВНОЙ ШКОЛЫ В ПРОЦЕССЕ УЧЕБНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ....241
32. **Першина Татьяна Ивановна** - ОРГАНИЗАЦИЯ ПРОЕКТНО-ИССЛЕДОВАТЕЛЬСКОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ ОБУЧАЮЩИХСЯ ПО ГЕОГРАФИИ ....247
33. **Мария Попова** - РОЛЬ И ФУНКЦИИ МУЗЕЕВ В ФОРМИРОВАНИИ СОВРЕМЕННОГО ГУМАНИТАРИЯ ....253
34. **Vesna Prodanovska-Poposka** - ACQUIRING PROPER PRONUNCIATION: AN OVERVIEW OF A SET OF EXERCISES FOR IMPROVING ENGLISH LONG /i:/ AND /u:/ VOWELS ....259
35. **Цветанка Ристова Магловска, Младен Мицевски** ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ КАКО АЛАТКА ЗА ИНСПИРИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УГОСТИТЕЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ....265
36. **Петја Рогич, Драган Донев** - МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО БУГАРСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ПРЕВОД НА „ВУЈКО ВАЊА“ ОД АНТОН ПАВЛОВИЧ ЧЕХОВ ВО ОДНОС НА МИНАТИТЕ ВРЕМИЊА ВО СРПСКИОТ ПРЕВОД ....273

37. **Наташа Сарафова** - ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример : Норвешка книжевност) ........281
38. **Наташа Сарафова, Марица Тасевска** - АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА ........291
39. **Simona Serafimovska** - STRUCTURE OF THE ENGLISH LANGUAGE TEACHERS AT THE UNIVERSITIES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ........297
40. **Елена Владимировна Сидорова** - ЛОГИЧЕСКИЕ ОШИБКИ В ПИСЬМЕННЫХ РАБОТАХ УЧАЩИХСЯ ........305
41. **Александра Стојанова, Мирјана Коцалева, Наташа Стојковиќ, Билјана Златановска -** ПРИМЕНА НА VARK МОДЕЛОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ ........311
42. **Анета Стојановска-Стефанова, Марија Магдинчева-Шопова** - ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД ПОЛИТИЧКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ЗА ДРЖАВИТЕ ........319
43. **Aleksandra P. Taneska, Blagojka Zdravkovska-Adamova** CREATING SYLLABUS AND DEVELOPING GRADING CRITERIA FOR MACEDONIAN LANGUAGE FOR PROFESSIONAL PURPOSES AT SEEU ACCORDING TO NEEDS BASED ANALYSIS ........327
44. **Ольга Тихонова** - И.В. ГЁТЕ КАК КИНОПЕРСОНАЖ: К ПРОБЛЕМЕ ДИАЛОГА ЛИТЕРАТУРЫ И КИНО ........337
45. **Марија Тодорова, Весна Продановска-Попоска** - ГЛАСОВНИТЕ СИСТЕМИ НА ШПАНСКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ........345
46. **Емилија Тодоровиќ** - ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА:УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-НОВ КОНЦЕПТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО ТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........351
47. **Elena Trajanovska, Maja Gjurovikj, Biljana Ivanova** - STANDARDS-BASED EDUCATION IN ACHIEVING LANGUAGE INTEROPERABILITY ........357
48. **Nina S. Ćeklić** - NARRATIVE-STYLISTIC FEATURES IN THE NOVEL LETTERS TO DANILO KIŠ BY FILIP GAJIĆ ........365
49. **Ульянова Марина Алексеевна** - ГЕНДЕРНЫЕ ОСОБЕННОСТИ СЕМАНТИЧЕСКОЙ СТРУКТУРЫ СЛОВА ВЗГЛЯД ........373
50. **Славица Урумова-Марковска** - ПРОСВЕТИТЕЛСКИОТ ЛИК НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ПРЕДАНИЈАТА И ЛЕГЕНДИТЕ........383
51. **С.Н. Филюшкина, Ж.А. Борискина** - АВТОР В ПУБЛИЦИСТИЧЕСКОМ ПРОИЗВЕДЕНИИ (НА МАТЕРИАЛЕ КНИГИ Г. ГРИНА “Getting to Know the General. The Story of an Involvement”, 1984.) ........391
52. **Наталия Хабарова** - АНГЛИЙСКИЕ ЗАИМСТВОВАНИЯ В СРЕДСТВАХ МАССОВОЙ ИНФОРМАЦИИ ........397
53. **Ольга Швецова** - ЯЗЫКОВЫЕ ОСОБЕННОСТИ «ПЕДАГОГИЧЕСКОЙ ПОЭМЫ» А.С. МАКАРЕНКО ........407
54. **Васко Шутаров** - КУЛТУРА И КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ........415

**UDC 377(497.7)**

# ОБРАЗОВАНИЕ И ПРАКТИКА:УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА-НОВ КОНЦЕПТ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО ТЕХНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**м-р Емилија Тодоровиќ**
Докторанд, УГД „Гоце Делчев"- Штип,
emilijatod@yahoo.com

**Апстракт**

Процесот на глобализација со себе носи динамичен развој и промени во сите сфери на општеството и стопанството во целост. Овој процес иницира предизвици во образовниот процес, во насока на прилагодување на наставните програми и развивање знаења, вештини и компетенции соодветни на барањата и потребите на компаниите. Тоа се постигнува со зголемување на обемот на часови за практична обука и пронаоѓање нови начини да приближување на теоријата и праксата. Во таа насока, училиштата од една страна се стремат кон едуцирање млади луѓе со вештини и компетенции кои и се потребни на индустријата, а работодавачите пак, добиваат кадар кој е мотивиран да се вклучи во реалниот бизнис. Учењето преку работа како нов концепт на практична обука кој е воведен во наставните планови и програми во техничкото образование, подразбира вклучување на учениците во работните процеси во реална бизнис средина. Тоа е комплексен процес кој овозможува позитивни придобивки на сите инволвирани страни и има за цел учениците да стекнат соодветно искуство во одредено подрачје и да развијат потребни вештини со кои се зголемува нивната подготвеност за вработување. Учењето преку работа во Република Северна Македонија е застапено во формалното средно стручно образование, а целта на трудот е да се дефинираат клучните елементи на учењето преку работа, да се истакнат придобивките, улогата и обврските на сите релевантни чинители во учењето преку работа и да се образложи институционалната поставеност и основните процеси за учење преку работа.

**Клучни борови:** *образование, практична обука, учење преку работа*

## Знаења, вештини и компетенции како елементи на образовниот процес

Образование претставува континуиран процес на усвојување знаења, стекнување вештини и развивање компетенции со цел градење вредности и интегрирање во општеството. Образованието во поширока смисла претставува процес на остварување духовни вредности, односно просец кој трае цел живот. Суштинската одлика на тој процес се состои од поврзување на формалното, неформалното и информалното образование во индивидуалниот развој на секој поединец.[1] Формалното образование се остварува во различни образовни институции каде по неговото завршување ученикот се стекнува со

[1] Gvozdenović, S. (2005). Filozofija, obrazovanje, nastava, Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, Podgorica, str. 39-54

формална диплома и квалификација. За разлика од формалното, неформалното образование е пофлексибилно, не се остварува во образовните институции и најчесто служи како дополнување на формалното образование. Информалното образование преставува доживотен процес во кој поединецот усвојува знаења, вештини и компетенции со кои ја развива сопствената личност. Токму знаењата, вештините и компетенциите кои поединецот ги стекнува во рамките на образованието ќе му го трасираат патот низ личниот и професионалниот развој и ќе го подготват за справување со сите новини и предизвици во општеството. Знаењето претставува развиено разбирање на одредена тема засновано на факти и стекнато во текот на образованието и искуството и единствен одржлив извор на конкурентската предност.[2] Тоа се третира како неделив сегмент од образованието и основен ресурс на секој стопански и општествен развој. Како непосреден резултат на научните истражувања, знаењето ги поттикнува и насочува сите општествени процеси, го подигнува нивото на општествениот развој.[3] Знаењето континуирано произведува нови иновации и информации и тоа е причината поради која поединецот не смее да се ограничи само на формалното образование, туку своите знаења и вештини да ги надградува постојано со цел поуспешно интегрирање во општеството и соочување со предизвиците кои ги носи иднината. Напоредно со знаењата личност ги развива и вештините кои всушност означуваат примена на стекнатите знаења во извршување на секојдневните задачи. Без разлика за кој вид вештини станува збор, односно дали истите се однесуваат на когнитивни, психомоторни, социјални или меки, истите придонесуваат за прилагодување кон новонастанатите ситуација и решавање на проблемите. Од друга страна, глобализацијата како неминовен процес во сите сфери на живеењето и работењето со себе носи постојани промени во окружувањето и налага брзо прилагодување како од страна на поединците, така и од општеството. Тоа придонесува за преземање одредени чекори во креирање развојни образовни стратегии засновани на компетенции кои се однесуваат на способностите на поединецот да се соочи со личниот живот, предизвиците на работното место и поширока општествена средина, преку мобилизирање на сопствените психосоцијални сили вклучувајќи ги знаењата, вештините и способностите.[4] Вака широко одредените компетенции се развиваат во процесот на доживотно учење и личен развој.[5] Стручната литература изобилува со дефиниции и расправи за поимот компетенции, но во областа на образованието поимот за компетенции има две основни значења. Според првото значење или теоретската перспектива, компетенцијата претставува внатрешна, когнитивна структура која го одредува однесувањето. Второто значење се однесува на оперативната перспектива и претставува високо вредна квалификација која е одговорна за ефикасна употреба на нечие знаење и вештини во специфичен,

---

[2] Gvozdenac, D. (2014). Znanje I obrazovanje, Novi Sad, str.1

[3] Vulić, D. (2014). Uloga znamja i oobrazovanja u savremenom društvu, naučni rad, UDK 37.013:316.3, doi10.7251/POLI408389V, Banja Luka, str.4

[4] Jokić, B. (2012). Obrazovanje i tržište rada:(ne)mogućnost sklada, Zagrebački ekonomski forum, Zagre, str.23

[5] Weinert, F.E. (2001). Concept of competence: a conceptual clarification. u Rychen, D.S. i Salganik, L.H., (ur.) Defining and selecting key competencies, pp. 45–65.

сложен контекст.[6] Според Законот за НРК,[7] компетенциите претставуваат збир на стекнато знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или работа. Експертите се согласни дека една од најважните иницијативи на европската образовна политика е воведувањето на клучните компетенции како централен концепт во областа на образованието. Европската комисија развила осум клучни компетенции: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазик, математичко-техничка и научна компетенција, дигитална компетенција, учење како се учи, социјална /општествена и граѓанска компетенција, чувство за иницијатива и претприемништво, културолошка свест и културно изразување.[8] Според Европската комисија наведените компетенции придонесуваат за личен развој на поединецот, општествена интеграција и вработување. Клучните компетенции треба да се развијат до крајот на формалното образование и да служат како основа за понатамошен развој во рамите на доживотното учење.[9] Тргнувајќи од ова, сѐ поголем број земји во процесот на реформирање на образовните системи, акцентот го ставаат на процесот на учење и истите ги моделираат со цел полесно прилагодување на глобалните трансформациски промени.

**Учење преку работа во техничкото образование**

Техничко или стручно образование е сегмент од образовниот систем во Република Северна Македонија од кој се генерира најголемиот дел на идната работа сила која има клучна улога во економскиот раст и развој на земјата. Токму техничкото образование е она кое во најголема мера ги развива потребните компетенции на младите кои треба да ги задоволат се сложените и брзите промени кои настануваат на пазарот на трудот. Тоа пред се сѐ однесува на овозможување услови за стекнување знаења, вештини и способности за развивање креативни вештини и претприемачки дух, поттикнување на личен и општествен развој и согледување на неопходноста од доживотно учење. Светските трендови постојано наметнуваат потреба од нови знаења, вештини и способности како предуслов за создавање капацитети кои ќе се во можност да креираат вистински општествени и економски вредности. За таа цел во нашата земја е изработена Концепција на модернизација на техничкото образование[10] заснована врз препораките произлезени од повеќе европски иницијативи за развој на стручното образование и обука. Самата операционализација на обуката се врши согласно стратешките определби и цели дефинирани во

---

6 Westera, W. (2001), Competences in education: a confusion of tongues. Journal of Curriculum studies, 33 (1), str. 75-88. (http://www.open.ou.nl/WIM/publicationspdf/CompetencesWW.pdf)

7 Закон за национална рамка на квалификации, http://mrk.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon_za_nacionalna_ramka_2014.pdf

8 European Comission (2006). Recommendation of the European Parliament and of the Council of 18 December 2006 on key competences for lifelong learning (2006/962/EC). Annex: Key Competences for Lifelong Learning - a European Reference Framework.

9 European Commission/EACEA/Eurydice (2012). Developing Key Competences at School in Europe: Challenges and Opportunities
for Policy. Eurydice Report. Publications Office of the European Union. Luxembourg.

10 Концепција за модернизација на техничко образование, http://csoo.edu.mk/images/DOCs/2016/conceptpaper-mk.pdf

Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020 и поставениот акциониот план. Според Концепцијата, техничкото образование треба да обезбеди: техничко и континуирано стручно образование; потребни знаења за продолжување на образованието; стручни компетенции потребни за вработување и самовработување; усвојување на клучните компетенции за доживотно учење и усовршување на стекнатите знаења и вештини; оспособување за креативност, иновативност и претприемништво. За постигнување на овие цели, модернизацијата на техничкото образование во нашата земја е заснована на европски стандарди и стандардизирани постапки со кои се утврдуваат потребните компетенции во рамките на квалификациите, стандардите на занимања развиени врз основа на компетенции, модуларни наставните планови, наставни програми базирани на резултати од учење и т.н. Споменатата стандардизација во техничкото образование, односно усогласеноста на националната со Европската рамка на квалификации ја зголемува можноста за мобилност на европскиот и светскиот пазар на трудот. Една од новините во техничкото образование е акцентирање на потребата од зголемување на обемот на практичната обука како одговор на потребите на пазарот на трудот, односно развивање на потребите компетенции. За таа цел во модуларните наставни планови предвидено е практичната обука да се изведува преку практична настава, учење преку работа и феријална пракса. Практичната работа претставува организирана училишна форма која им овозможува на учениците да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа. Таа може да се реализира на два начини и тоа како: практична настава во училиште (работилници, лаборатории, училишни компании и сл.) и практична настава во реални средини, односно претпријатија. Учењето преку работа претставува практична обука односно форма на учење во реални работни услови за производство на реални стоки и услуги и истата во никој случај не смее да се поистоветува со било која форма на „симулирање работа“. Феријалната пракса, е еден вид учење преку работа која се одвива по завршување на наставната година, во реални претпријатија или во училиште доколку располага со организиран производен или услужен работен процес. За разлика од практичната настава и феријалната пракса како форми на практична обука кои и досега беа дел од стручното образование, учењето преку работа е новина во модуларните наставни планови и се одвива според однапред изготвени наставни програми и одреден број часови. Во стручната литература не постои единствена дефиниција за концептот на учење преку работа, но концептот упатува на две особености: учење во работен контекст и учење преку практика. Овој концепт на поединецот му овозможува развивање на потребните вештини и компетенции, но му овозможува да научи како да учи. Учењето преку работа како образовен концепт паралелно со вертикалниот развој на поединецот, го поддржува и неговиот хоризонтален развој, односно му помага полесно да се вклучи на пазарот на трудот. Тоа е поради фактот што, спротивно од традиционалното гледиште за учењето кое се заснова на претпоставката дека знаењето постои независно од поединецот и едноставно треба само да му се пренесе, учењето преку работа претпоставува дека учењето е социјално, составено од различни компоненти и доаѓа од професионалното и личното искуство. Основните пристапи во учењето преку работа се поделени

на: практиканство, обука и стажирање и обука на работно место.[11] Притоа практиканството подразбира соодветно структурирана комбинација на учење на работно место со теоретска настава во училиште; обуките и стажирањето се вршат на работното место и ги надополнуваат формалното и неформалното образование; обука на работно место е обука што се одржува во нормална работна средина и најчест тип учење во професионалниот живот на поединецот. Тргнувајќи од динамиката на модернизација на техничкото образование во учебната 2021/22 се очекува околу 8000 ученици да се вклучат во реализација на учење преку работа, а во 2022/23 таа бројка ќе се искачи на околу 16000 ученици. За успешна имплементација на учењето преку работа, изготвен е Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија, во кој се посочени сите заинтересирани страни во процесот, нивните придобивки, улоги и одговорности, како и клучните области/елементи на учењето преку работа.[12] Оваа концепција меѓу другите, е засноваа и врз Стратегијата за образование на Република Северна Македонија за 2018-2025[13], каде голем акцент е ставен на средното стручно образование како еден од шесте столбови на образовниот систем. Во стратегијата, како клучни приоритети се истакнуваат: усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот; подобрување на средината за учење и квалитетот на стручното образование и обука; зголемување на опфатот во стручното образование и обука; подобрување на капацитетите на човечките ресурси. Имајќи го тоа во предвид, во Концептот детално се опфатени десет области кои се сметаат за клучни за успешно спроведување на учењето преку работа. Тие се однесуваат на утврдување на: местото на учењето преку работа во системот на образование и обука; улогата и одговорностите на клучните актери; развивање наставни планови и програми врз основа на стандарди на занимања и стандарди на квалификации базирани на резултати на учење; соработка, координација и јасна поделба на одговорностите меѓу институциите каде што се одвива учењето; поттикнување на учеството и поддршката од работодавачите; поддршка од наставниците и менторите во компаниите; одредување на механизми за финансирање и поделба на трошоците; осигурување на квалитет преку редовен мониторинг; утврдување на работните услови и услови за учење на учениците и следење на одговорот на пазарот на трудот.

**Придобивки од учењето преку работа**

Учењето преку работа е комплексен сегмент од образованиот процес од кој произлегуваат одговорности и придобивки на сите учесници. Придобивките во најголем дел се однесуваат на учениците, работодавачите и општеството. Учењето преку работа им овозможува на учениците да се здобијат со одредено искуство од реалниот професионален живот, да ја поврзат теоријата и праксата и да развијат потребни вештини и компетенции кои понатаму ќе им помогнат во справување со секојдневните предизвици, развивање на креативноста и

[11] Background Paper WBL Macedonia 2017, Stefan Thomas, ETF

[12] Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија, http://mon.gov.mk/stored/document/Koncept-za-ucenje-preku-rabota.pdf

[13] Стратегија за образованието 2018-2025 http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/strateshki-plan

претприемничкиот дух, олеснување на вработувањето, поголема мобилност и сл., со еден збор учениците ќе бидат подготвени за поуспешно градење на личниот и професионалниот живот. Работодавачите во рамките на овој процес земаат активно учество како во креирање на наставните програми и нивни прилагодување на потребите на пазарот на трудот, така и во креирање поквалитетни работни кадри кои во иднина ќе придонесат за поголема продуктивност и раст на компанијата. Општеството преку сите релевантни институции придонесува за успешна реализација на учењето преку работа, што несомнено ќе придонесе за поквалитетен пазар на труд, поголема конкурентност и севкупен економски развој.

**Референци**


1. Background Paper WBL Macedonia 2017, Stefan Thomas, ETF
2. European Comission (2006). Recommendation of the European Parliament and of the Council of 18 December 2006 on key competences for lifelong learning (2006/962/EC). Annex: Key Competences for Lifelong Learning - a European Reference Framework.
3. European Commission/EACEA/Eurydice (2012). Developing Key Competences at School in Europe: Challenges and Opportunities for Policy. Eurydice Report. Publications Office of the European Union. Luxembourg.
4. Gvozdenac, D. (2014). Znanje I obrazovanje, Novi Sad, str.1
5. Gvozdenović, S. (2005). Filozofija, obrazovanje, nastava, Zavod za udžbenike I nastavna sredstva, Podgorica, str. 39-54
6. Jokić, B. (2012). Obrazovanje i tržište rada:(ne)mogućnost sklada, Zagrebački ekonomski forum, Zagre, str.23 publicationspdf
7. Vulić, D. (2014). Uloga znamja i oobrazovanja u savremenom društvu, naučni rad, UDK 37.013:316.3, doi10.7251/POLI408389V, Banja Luka, str.4
8. Weinert, F.E. (2001). Concept of competence: a conceptual clarification. u Rychen, D.S. i Salganik, L.H., (ur.) Defining and selecting key competencies, pp. 45–65.
9. Westera, W. (2001), Competences in education: a confusion of tongues. Journal of Curriculum studies, 33 (1), str. 75-88. (http://www.open.ou.nl/WIM/
10. Закон за национална рамка на квалификации, http://mrk.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon_za_nacionalna_ramka_2014.pdf
11. Концепт за учење преку работа во Република Северна Македонија, http://mon.gov.mk/stored/document/Koncept-za-ucenje-preku-rabota.pdf
12. Концепција за модернизација на техничко образование, http://csoo.edu.mk/images/DOCs/2016/conceptpaper-mk.pdf
13. Стратегија за образованието 2018-2025 http://www.mon.gov.mk/index.php/doku